Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05,137/2007,91/09,124/10,18/11 и/ 53/11 ), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 27.04.2011 година, донесе:

О Д Л У К А
за утврдување Нацрт деталeн урбанистички план за УЕ 2,
УБ 2.01, плански опфат I1в во Општина Прилеп

**чл.1**

**Се утврдува** Нацрт деталeн урбанистички план за УЕ 2, УБ 2.01, плански опфат I1в , во Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука,( во натамошниот текст:Планот) .

Планскиот опфат предмет на разработка на деталниот урбанистички план е дефиниран со следната граница:

- југоисточната страна е дефинирана со осовината на новопланираниот профил на собирна улица С7(по ГУП), ул. „Егејска” во должина од 105,0 м`;

- северозападната страна е дефинирана со осовината на новопланираниот профил на сервисната улица Ср, ул.„Ладо Лапец”, во должина од 180,0 м`;

- источната страна е дефинирана со осовината на предвидената улица (превземен од постоен ДУП) како дел од секундарната улична мрежа, ул.„Егејска“ - крак, во должина од 190,0 м`;

Површината на планскиот опфат за УЕ 2, УБ 2.01, изнесува 1,15 ха .

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

1 Нацрт деталeн урбанистички план за УЕ 2, УБ 2.01, плански опфат I1в, изработен е од ЈП за просторни и урбанистички планови од Прилеп , со тех.бр.100/11 од Март 2012год.

1. **Општ дел**
   - Насловна страна
   - Содржина
   - Регистрација од Централен Регистар на РМ
   - Лиценца на правното лице
   - Решение за именување на одговорни планери
   - Копии од овластувањата на планерите
   - Програма за измена и дополнување на Програмата за донесување на урб. планови на територијата на Општина Прилеп
   - Планска програма
   - Геодетски елаборат за геод. работи за посебни намени за ажурирана геод. подлога
2. **Документациона основа**
   - Прилози на документационата основа, мислења и согласности од јавните претпријатија
     - Известување за водовите на постојната електрична мрежа бр. 27-5457/2 од 09.12.2011 год, издадено од ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ – Прилеп.
     - Известување од ЈКП „Водовод и канализација“ – Прилеп, за водовите на постојната водоводна и канализациона мрежа бр. 03-655/2 од 12.12.2011 год.
     - Известување за водовите на постојната телефонска мрежа бр. 251-17207/2 од 20.01.2012 год. издадено од „Македонски Телеком“ АД Скопје.
     - Известување бр. 07-430/2 од 02.12.2011 год. за недвижно културно наследство – споменик на култура за дадениот плански опфат.
     - Мислење од Министерство за култура -Управа за заштита на културното наследство
     - Согласност од Дирекција за заштита и спасување – Подрачно одделение Прилеп.

- Текстуален дел
  - Вовед
  - Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
  - Историјат на планирањето и уредувањето на планскиот опфат
  - Податоци за природни чинители и вредности во планскиот опфат
    - Географска положба
    - Сеизмика на просторот
    - Клима
  - Податоци за создадени вредности и чинители
    - Културно наследство
  - Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд
    - Површина на опфатот-нумерички показатели
    - Нумерички показатели на ниво на катастарски парцели
    - Преглед на објекти по конструктивен систем
    - Преглед на објекти по спратност
  - Инвентаризација и снимање на градби од културно-историско значење
  - Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура
    - Улична мрежа – сообраќај

      Хидротехничка инфраструктура
      - Водовод
      - Фекална канализација
      - Атмосферска канализација
    - Електроенергетска мрежа

      Телекомуникациска мрежа – ПТТ
  - Инвентаризација на бесправно изградени објекти

    Анализа на степен на реализација на важечкиот урб. план Анализа на можностите за просторен развој

    Извод на план од повисоко ниво и други релевантни податоци
- Графички прилози
  - Извод од ГУП на Прилеп
  - Извод од ДУП
  - Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
  - Документациона основа (инвентаризација и снимање на изграден град. фонд со постојна инфраструктура) М=1:500
  - Документациона основа (инвентаризација на бесправно изградени градби)

**3. Планска документација**

- Текстуален дел
  - Вовед

    Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат

    Текстуални одредби на план од повисоко ниво

    Планска програма
  - Опис и образложение на планскиот концепт на просторниот развој

- Систем на групи на класи на намени
- Класа на намени
- Густина на населеност
- Парцелација и регулација
- Урбано зеленило и озеленетост

▪ Планско решение на комунална инфраструктура

- Планско решение на сообраќајна инфраструктура
- Хидротехничка инфраструктура
  - o Водовод
  - o Фекална канализација
  - o Атмосферска канализација
  - o Хидрантска мрежа
- Електроенергетика
  - o Улично осветлување
- Телекомуникациска мрежа
  - o Мобилна телефонија

▪ Економско образложение

▪ Мерки за заштита

- Мерки за заштита и спасување
- Мерки за заштита и спасување од пожар
  - o Хидрантска мрежа
- Мерки за заштита на животната средина
- Мерки за заштита на природата
- Мерки за заштита на културното наследство, конз. основи

▪ Општи услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште на планот

▪ Други општи услови

▪ Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште на планот

▪ Други посебни услови зљa градење

o Нумерички дел

▪ Нумерички показатели на ниво на плански опфат

▪ Нумерички показатели на ниво на градежни парцели

▪ Билансни показатели

o Графички дел

▪ Регулационен план M=1:500

▪ План на површини за градење M=1:500

▪ Сообраќаен план со нивелациски план M=1:500

▪ Инфраструктурен план (електрика, вод. и канал.) M=1:500

▪ Синтезен план M=1:500,

**2.Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот** изработена од „Урбан Проект„ ДООЕЛ Прилеп , со тех.бр.03-06/12 од Март 2012 година

**3.Одговор по извештајот на Стручната ревизија** од Март 2012год. од изработувачот на планот.

**4.Мислење бр.03-51/4 од 30.03.2012год.** од Комисијата за давање на мислење на планска документација формирана од страна на Градоначалникот на општина Прилеп .

**5.Програма бр.07Ђ1568/21 од 22.08.2011година за измена и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови** на територијата на општина Прилеп за 2011год .,

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1045/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.04.2012 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Проф.Д-р. Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ**
**ОД ПРАВО НА ПРВЕНСТВЕНО КУПУВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

1. Одлуката за откажување од право на првенствено купување на недвижен имот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1067/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.04.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10 , како и чл.62 од Законот за локална самоуправа на РМ ( Сл.Весник на РМ бр.5/2002 ) , како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005) , Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 27.04.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за откажување од право на првенствено купување
на недвижен имот

Член 1

По примената Понуда од страна на сосопственикот Република Македонија заради првенствено право на купување на недвижен имот утврден во имотен лист број 17867 издаден од страна на Агенција за катастар на недвижности Прилеп, заведен под број 1105-32561/2011 од 19.12.2011 година, 1505/2201 од нива на К.П. бр. 8499 во МВ "Поводеници" класа 4 во површина од 2201, ЕЛС - Општина Прилеп со оваа Одлука СЕ ОТКАЖУВА од правото на првенствено купување согласно член 9 став 3 од Законот за градежно земјиште.

Член 2

На Агенција за премер и катастар за недвижности - Прилеп , како надлежна институција , и се дава овластување да ја спроведе оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1045/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.04.2012 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Проф.Д-р. Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ**
**НА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ**
**НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА**
**СПОРТИСТИ - ОСВОЈУВАЧИ НА МЕДАЛИ НА СВЕТСКО,**
**ЕВРОПСКО, БАЛКАНСКО И ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ИЛИ КУП**

1. Правилникот за утврдување на критериумите и постапките за доделување на средства од Буџетот на Општина Прилеп за спортисти - освојувачи на медали на Светско, Европско, Балканско и Државно првенство или куп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1067/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.04.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на Закон за Локалната Самоуправа (Сл. Весник на Р.Македонија бр. 5/2002), Закон за Спортот (Сл. Весник на Р. Македонија бр.29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011 и 51/2011) како и Статутот на Општина Прилеп (Сл. гласник на Општина Прилеп 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 27.04.2012 година, сонесе:

**ПРАВИЛНИК**

За утврдување на критериумите и постапките за доделување на средства од Буџетот на Општина Прилеп за спортисти освојувачи на медали на Светско, Европско, Балканско и Државно првенство или куп.

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите и постапката за доделување на средства од Вуџетот на Општина Прилеп на спортисти освојувачи на медали на официјално Светско, Европско, Балканско и Државно првенство или куп во пионерска, младинска и сениорска категорија.

Член 2

Спортистите од Член 1 на овој Правилник задолжително да се жители на Општина Прилеп, и да се членови на спортски клубови.

Член 3

Клубовите во кои членуваат спортистите освојувачи на медали треба да имаат решение за вршење на дејност спорт і да се регистрирани со седиште во Општина Прилеп.

**КРИТЕРИУМИ И ИЗНОС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА**

Член 4

Висина на средствата кои што можат да бидат доделени по ранг на првенство и по категорија за една календарска година:

1. Светско првенство во машка и женска конкуренција:

1.1 □□ спортистите кои се натпреваруваат во сениорска категорија:

- за освоен златен медал до 600 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 300 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 150 000,00 денари;

1.2 □□ спортисти кои се натпреваруваат во пионерска и младинска категорија:

- за освоен златен медал до 150 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 75 000,00 денари;
-за освоен бронзен медал до 38 000,00 денари;

2. Светски куп во машка и женска конкуренција:

2.1 За спортистите кои се натпреваруваат во сениорска категорија:

- за освоен златен медал до 160 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 80 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 40 000,00 денари;

2.2 □□ спортисти кои се натпреваруваат во пионерска и младинска категорија:

- за освоен златен медал до 80 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 40 000,00 денари;
-за освоен бронзен медал до 20 000,00 денари;

3. Европско првенство во машка и женска конкуренција:

3.1 □□ спортистите кои се натпреваруваат во сениорска категорија:

- за освоен златен медал до 150 000,00 денари;
- за осовен сребрен медал до 75 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 38 000,00 денари;

3.2 За спортистите кои се натпреваруваат во пионерска и младинска категорија:

- за освоен златен медал до 75 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 38 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 19 000,00 денари;

4. Европски куп во машка и женска конкуренција:

3.1 За спортистите кои се натпреваруваат во сениорска категорија:

- за освоен златен медал до 35 000,00 денари;
- за осовен сребрен медал до 30 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 25 000,00 денари;

3.2 □□ спортистите кои се натпреваруваат во пионерска и младинска категорија:

- за освоен златен медал до 22 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 19 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 16 000,00 денари;

5. Балканско првенство во машка и женска конкуренција:

5.1 □□ спортистите кои се натпреваруваат во сениорска категорија:

- за освоен златен медал до 30 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 25 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 20 000,00 денари;

5.2 □□ спортистите кои се натпреваруваат во пионерска и младинска категорија:

- за освоен златен медал до 20 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 17 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 14 000,00 денари;

6. Балкански куп во машка и женска конкуренција:

6.1 За спортистите кои се натпреваруваат во сениорска категорија:
- за освоен златен медал до 12 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 10 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 8 000,00 денари;

6.2 □□ спортистите кои се натпреваруваат во пионерска и младинска категорија:
- за освоен златен медал до 9 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 7 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал 5 000,00 денари;

7. Државно првенство во машка и женска конкуренција:

7.1 □□ спортистите кои се натпреваруваат во сениорска категорија:
- за освоен златен медал до 10 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 8 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 6 000,00 денари;

7.2 □□ спортистите кои се натпреваруваат во пионерска и младинска категорија:
- за освоен златен медал до 7 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 5 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 3 000,00 денари;

8. Државен куп во машка и женска конкуренција:

7.1 За спортистите кои се натпреваруваат во сениорска категорија:
- за освоен златен медал до 8 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 6 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 4 000,00 денари;

7.2 За спортистите кои се натпреваруваат во пионерска и младинска категорија:
- за освоен златен медал до 5 000,00 денари;
- за освоен сребрен медал до 3 000,00 денари;
- за освоен бронзен медал до 2 000,00 денари;

Член 5

Спортистите освојувачи на медали во сите категории, учесници на Светско, Европско и Балканско првенство, освоените медали да ги имаат освоено како членови на Македонската репрезентација во соодветниот спорт.

Член 6

Спортистот освојувач на повеќе медали во една календарска година во повеќе категории може да добие парична награда најмногу во износ од највисоко рангираното место, односно доколку претходно добил одредена сума на средства за освоен медал, при освојувањето на наредните медали со поголема вредност се врши доплата на разликата во паричниот износ.

## ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Член 7

Доделувањето на средствата ќе се врши во текот на целата календарска година и роковите започнуваат со стапување во сила на овој правилник.

Член 8

Спортистите освојувачи на медали се должни при конкурирањето да ги достават следните документи:

1. Пополнета пријава, која ќе биде објавена на њеб страната од Општина Прилеп .
2. Диплома или друг вид на документ за освоен медал на официјално Светско, Европско, Балканско и Државно првенство;
3. Доказ од соодветната спортска федерација дека се натпреварувал и дека освоил медал како член на Македонската репрезентација;
4.Доказ за членство во спортски клуб регистриран на територијата на Општина Прилеп;
5.Доказ дека спортистот е жител на Општина Прилеп;
6..Трансакциска сметка од спортистот освојувачна медал.

Член 9

Пријавата од член 8 став 1 ќе биде достапна на њеб страната во рок од 15 дена од стапувањето во сила на овој правилник.

Член 10

Спортистите освојувачи на медали се должни во рок од 30 дена од денот на освојување на медалот да ја доставaт комплетната документација од член 8 до Комисија на Советот на Општина Прилеп надлежна и за спортот.

Член 11

Спортистите кои освоиле медал во периодот од 01.01.2012 година до стапување во сила на овој правилник, потребните документи од член 8 на овој правилник треба да ги достават во рок од 30 дена од стапувањето во сила на Правилник за утврдување на критериумите и постапките за доделување на средства од Буџетот на Општина Прилеп за спортисти освојувачи на медали на официјално Светско, Европско, Балканско и Државно првенство.

Член 12

Документацијата од член 8 на овој Правилник се доставува до Комисија на Советот на Општина Прилеп која е надлежна и за спортот преку архивата на општината.

Комисијата на Советот на Општина Прилеп надлежна и за спортот, при разгледувањето на dokumentacijata и доделувањето на средствата е должна да ги почитува и се придржува до критериумите утврдени со овој Правилник, како и до законската регулатива поврзана со дејноста спорт и локалната самоуправа.

Член 13

Надлежната комисија на Советот на Оштина Прилеп согласно утврдените критериуми и доставената документација изготвува предлог за доделување на средства од Буџетот и истиот го доставува до Градоначалникот во рок од 30 дена од денот на доставување на документите од страна на спортистот освојувач на медал.

Член 14

Врз основа на предлогот на комисијата, Градоначалникот на Општина Прилеп во рок од 30 дена од доставувањето на предлогот од страна на надлежната комисија донесува решение за исплата на доделените средства.

Член 15

Доделените средства ќе се исплаќаат еднократно во рок од 30 дена од потпишувањето на решението за доделување на средства преку трансакциската сметка доставена од спортистот освојувач на медал .

Член 16

Овој Правилник влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1045/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.04.2012 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Проф.Д-р. Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ОТВАРАЊЕ ПАРАЛЕЛКА ВО ПРИЛЕП ЗА ДЕЦА СО АУТИЗАМ**

1. Заклучокот по Иницијативата за отварање паралелка во Прилеп за деца со аутизам, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1067/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.04.2012 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 27.04.2012 година, претресувајќи ја Иницијативата за отворање паралелка во Прилеп за деца со аутизам, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

по Иницијативата за отворање паралелка во Прилеп за деца со аутизам

1. Се задолжувааат и овластуваат Градоначалникот, Претседателот на Советот и надлежните служби во Локалната самоуправа да се заложат пред Министерството за образование и наука да ги испитаат можностите за отварање на паралелка за деца со аутизам.
2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот, надлежните служби во Локалната самоуправа и до Министерството за образование и наука - Скопје.
3. Заклучокот ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1045/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.04.2012 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Проф.Д-р. Гордана Мицеска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ БЕЗ НАДОМЕСТ**

1. Одлуката за пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари без надомест, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1067/2 4 ГРАДОНАЧАЛНИК
30.04.2012 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 26 став 1 точка 33 од Статутот на општина Прилеп("Сл.гласника општина Прилеп"бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на **27.04.2012** година, донесе**:**

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ БЕЗ НАДОМЕСТ**

**Член 1**

Со оваа одлука социјалните бараки во катастарска општина Варош се даваат на подарок на постоечките корисници:

И тоа:

-објекти со намена домување кои се наоѓаат на Катастарски Парцели и запишани во Имотни листови издадени од Агенција за катастар на недвижности за катастарска општина Варош опишани во табелата како следи:

| ред бр | број на имотен лист за КО Варош | катастарска парцела во КО Варош | недвижен имот станбени згради | Површина Во м2 под зграда | пазарна вредност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5700 | 1990/6 | **зграда 1** | 54 | **732.549 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |
| 2 | 5701 | 1990/12 | **зграда 1** | 48 | **646.704 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |
| 3 | 5702 | 1900/15 | **зграда 1** | 53 | **723.762 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |
| 4 | 5703 | 1990/14 | **зграда 1** | 55 | **747.830 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 68 | **904.818 МКД** |
| 5 | 5704 | 1990/13 | **зграда 1** | 59 | **792.720 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |
| 6 | 5706 | 1990/7 | **зграда 1** | 64 | **850.510 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |
| 7 | 5707 | 1990/8 | **зграда 1** | 65 | **879.322 МКД** |
| | | | **зграда 1** | 63 | **855.253 МКД** |
| 8 | 5708 | 1990/9 | **зграда 1** | 86 | **1.109.420 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |
| 9 | 5709 | 1990/10 | **зграда 1** | 48 | **646.704 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |
| 11 | 5710 | 1990/4 | **зграда 1** | 48 | **646.704 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |
| | | | **зграда 3** | 48 | **646.704 МКД** |
| 12 | 5711 | 1990/11 | **зграда 1** | 48 | **646.704 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 86 | **1.109.421 МКД** |
| 15 | 5714 | 1990/5 | **зграда 1** | 59 | **792.720 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |
| 16 | 5715 | 1990/3 | **зграда 1** | 48 | **646.704 МКД** |
| | | | **зграда 2** | 48 | **646.704 МКД** |

**Член 2**

Вредноста на објектите е утврдена со извршена проценка од комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности при Одделението за администрирање приходи во ЕЛС општина Прилеп.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот веднаш после стапување на сила на оваа одлука да пристапи кон склучување договори за дар со секој корисник поединечно.

Во договорот за дар да се стави товар дароприматите да не можат да ги оттуѓат недвижностите кои ги примаат на подарок во наредните 10 години, сметано од датумот и часот на запишување на правото на сопственост на дароприматите во јавните книги.

**Член 4**

За да се пренесе сопственоста на дароприматите Данокот на подарок кој треба да се плати за сите објекти опишани во табелата во член 1 да падне на товар на општина Прилеп.

**Член 5**

Пренесувањето на правото на сопственост ќе се запише во јавните книги и ќе произведува правно дејство од денот на запишувањето.

**Член 6**

Оваа Одлука да се достави до Одделение за премер и катастар - Прилеп, Секторот за урбанизам,Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1045/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.04.2012 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Проф.Д-р. Гордана Мицеска

**АКТИ ОД ЈП ЗА ПУП**

ЈП ПУП

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Ул. Питу Гули бр.2 7500 Прилеп
тел. 048 401 725

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 03-166/4
17.04 2012 Год.
Прилеп

*Врз основа на ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПАРКИРАЊЕ , ОРГАНИЗАЦИЈА, УРЕДУВАЊЕ И НАЧИН НА НАПЛАТА НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА, КАКО И БЛОКИРАЊЕ, ДЕБЛОКИРАЊЕ , ПРЕМЕСТУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ВОЗИЛА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ( Службен гласник на општина Прилеп број 2 од 22.01.2008 година - одлука бр 08-157/20 од 22.01.2008 како и Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачје на градот Прилеп донесена од УО на ЈП за ПУП- Прилеп, од на седницата од 17.04.2012, ја донесе следната:*

Предлог

# ОДЛУКА

***за измена и дополнување на***

*Член 2 од Ценовникот на услугите за зонско паркирање на патнички моторни возила на Јавните паркиралишта од значење за Општина Прилеп со кои стопанисува ЈП за ПУП - Прилеп*

**член 1**

Со оваа Одлука се менува времетраењто на паркирањето во зона 0 од 2 на 4 часа. Со тоа Член 2 се менува и гласи:

**„Цената на услугата за паркирање на патнички моторни возила на јавните паркиралишта што се наоѓаат на самите магистрални и собирни улици (коловоз, тротоар, заштитен појас) како и улиците што гравитираат кон нив или надвор од површините опфатени со тие улици, утврдени и дефинирани со Одлуката за зонско паркирање донесена од Совет на Општина Прилеп, (зонско паркирање), а кои ги стопанисува ЈП за ПУП - Прилеп, по зони изнесува:**

| Зона | Денари / час | Месечна претплата за физички и правни лица | Број на часови за закупена Препаид претплата во вредност од 1000,00 ден за физички и правни лица (Часови) | Максимално време на една закупена СМС паркинг сесија (Часови) | Месечна претплата за повластено паркирање на станари за прво/второ возило | Доплатна карта за непрописно паркирање | Доплатна карта за паркирање на место за лица со посебни потреби |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 20 | 2400 | 60 | 4 | 300/600 | 800 | 1500 |
| 1 | 15 | 2000 | 80 | 4 | 300/600 | 800 | 1500 |
| 2 | 15 | 1500 | 80 | неограничено | 300/600 | 800 | 1500 |
| 3 | 10 | 1000 | 120 | неограничено | 300/600 | 800 | 1500 |

**член 2**

Овие предлог ***за измена и дополнување на***

*Член 2 од Ценовникот на услугите за зонско паркирање на патнички моторни возила на Јавните паркиралишта од значење за Општина Прилеп со кои стопанисува ЈП за ПУП - Прилеп* влегуваат во сила со нивното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Совет на Општина Прилеп.

Директор на
ЈП за ПУП - Прилеп
Бранко Нешкоски

Претседател на УО
ЈП за ПУП - Прилеп
Стојаноска Тања

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Ул. Питу Гули бр.2 7500 Прилеп
тел. 048 401 725

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 03-116/5
17.04 2012 год.
Прилеп

*Врз основа на ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПАРКИРАЊЕ , ОРГАНИЗАЦИЈА, УРЕДУВАЊЕ И НАЧИН НА НАПЛАТА НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА, КАКО И БЛОКИРАЊЕ, ДЕБЛОКИРАЊЕ , ПРЕМЕСТУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ВОЗИЛА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ( Службен гласник на општина Прилеп број 2 од 22.01.2008 година - одлука бр 08-157/20 од 22.01.2008 како и Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачје на градот Прилеп донесена од УО на ЈП за ПУП- Прилеп, од на седницата од 17.04.2012 ја донесе следната:*

Предлог

# ОДЛУКА

***за измена и дополнување на***

*Ценовникот на услугите за зонско паркирање на патнички моторни возила на Јавните паркиралишта од значење за Општина Прилеп со кои стопанисува ЈП за ПУП - Прилеп*

**член 1**

Со оваа Одлука се дополнува Ценовникот на услугите за зонско паркирање на патнички моторни возила на јавните паркиралишта од значење за општина Прилеп со кои стопанисува ЈП за ПУП – Прилеп ( бр 03- 175/ 5 од 17.05.2010 год.) со додавање на нов член 5а кој гласи :

**„ - Месечната цена за РЕЗЕРВИРАЊЕ на паркинг место во делот од Јавните паркинзи дефинирани со Одлуката за зонско паркирање донесена од Совет на Општина Прилеп, (зонско паркирање) ), а кои ги стопанисува ЈП за ПУП - Прилеп, по зони изнесува: 4800 денари месечно со вклучен ДДВ.**

**- Резервацијата може да се направи минимум на период од 6 месеци а уплатата на надоместокот се врши авансно со склучување на договорот за РЕЗЕРВИРАЊЕ на паркинг место.**

**- На сите останати Јавнити паркинзи каде не воведено зонско паркирање , висината на надоместокот за користење на РЕЗЕРВИРАНО паркинг место изнесува 1200 денари месечно со вклучен ДДВ .„**

**член 2**

Овоие предлог Измени и дополнување на Ценовникот на услугите за зонско паркирање на патнички моторни возила на јавните паркиралишта од значење за општина Прилеп со кои стопанисува ЈП за ПУП – Прилеп влегува во сила со неговото донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Совет на Општина Прилеп.

Директор на
ЈП за ПУП - Прилеп

Бранко Нешкоски

Претседател на УО
ЈП за ПУП - Прилеп

Стојаноска Тања

**СОДРЖИНА**
*на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 5*
*од 30.04.2012 година*

1. Решение за давање согласност на тримесечниот Извештај за финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп за периодот од 01.01. до 31.03. 2012 година..........**Стр.1**

2. Решение за давање согласност на Тримесечниот Извештај за финансиското работење на ЈКП "Пазари" - Прилеп за периодот од 01.01. до 31.03. 2012 година..........**Стр.1**

3. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука бр. 02 - 101/1-5 од 14.04.2012 година за измена на Статутот на ЈКП "Пазари" - Прилеп број 02 - 82/1-2 (пречистен текст) од 31.05.2007 година..........**Стр.1**

4. Решение за давање согласност на Тримесечниот Извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП - Прилеп за периодот од 01.01. до 31.03. 2012 година..........**Стр.1**

5. Решение за давање согласност на Одлуката бр. 03 - 166/4 од 17.04.2012 година за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите за зонско паркирање на патнички моторни возила на јавните паркиралишта од значење за Општина Прилеп со кои стопанисува ЈП за ПУП - Прилеп..........**Стр.1**

6. Решение за давање согласност на Одлуката бр. 03 - 166/5 од 17.04.2012 година за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите за зонско паркирање на патнички моторни возила на јавните паркиралишта од значење за Општина Прилеп со кои стопанисува ЈП за ПУП - Прилеп..........**Стр.1**

7. Одлука за измена на Одлуката за утврдување Нацрт- Детален урбанистички план за УЕ 12, УБ 12.03 - плански опфат ..1.., Општина Прилеп..........**Стр.1**

8. Одлука за измена на Одлуката за утврдување Нацрт- Детален урбанистички план за УЕ 12, УБ 12.03 - плански опфат ..2.., Општина Прилеп..........**Стр.1**

9.Одлука за измена на Одлуката за утврдување Нацрт- Детален урбанистички план за УАЕ 20, УБ 20/1-дел, фабрика Витаминка, КО Прилеп, Општина Прилеп. ..........**Стр.1**

10. Одлука за утврдување Нацрт- Детален урбанистички план за УАЕ 7, УБ 7.01, плански опфат "Б" во Општина Прилеп. ..........**Стр.1**

11. Одлука за утврдување Нацрт - Детален урбанистички план за УЕ 21, УБ дел од 21.01 и УЕ 8, дел од УБ 8.01 ,плански период 2011-2016, КО Прилеп. ..........**Стр.1**

12. Одлука за донесување Детален урбанистички план за УЕ бр.11, УБ 11.04 и 11.05, Општина Прилеп. ..........**Стр.1**

13. Одлука за донесување Детален урбанистички план за УАЕ бр.16,дел од УБ 16.01, плански опфат "А" - Општина Прилеп.....................................................................**Стр.1**

14. Одлука за донесување Урбанистички план вон населено место за изградба на Планинарски дом на дел од КП 4, КО Присад, МВ "Црница" - Општина Прилеп. .......................................................................................................................................**Стр.1**

15. Одлука за измена на одлуката за утврдување нацрт детален урбанистиЧки план за уе 4, урбан блок 4.1 за формирање на гп 1, на кп 7173, 7174-дел, 7175, 7176, 7177, 7179-дел, 7181, 7182, КО Прилеп - Општина Прилеп.............
.......................................................................................................................................**Стр.1**

16. Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје на Федерација на Европски Карневалски градови...........................................**Стр.1**

17. Решение за давање согласност на Програмата за изведување на научно наставни екскурзии во учебната 2011/2012 година во ООУ "Круме Волнароски" с. Тополчани - Прилеп, за III одделение, VI и VIII деветтолетка. .....................................**Стр.1**

18. Решение за разрешување член и именување 6 членови на Комисијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот. .......................**Стр.1**

19. Одлука за доделување на помош - средства за изградбата на Црквите: "Св. Пантелејмон" и "Св.Наум Охридски - Чудотворец" во Прилеп. ............................**Стр.1**

20. Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЕ 2, УБ 2.01, плански опфат „1" во Општина Прилеп..........................................................................**Стр.1**

21. Одлука за откажување од право на првенствено купување на недвижен имот.......................................................................................................................................**Стр.1**

22. Правилник за утврдување на критериумите и постапките за доделување на средства од Буџетот на Општина Прилеп за спортисти - освојувачи на медали на Светско, Европско, Балканско и Државно првенство или куп. ....................................**Стр.1**

23. Заклучок по Иницијативата за отварање паралелка во Прилеп за деца со аутизам.......................................................................................................................................**Стр.1**

24. Одлука за пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари без надомест.......................................................................................................................................**Стр.1**

**Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни работи. Тираж: 60 примероци.**